| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролетта ни пристигна |
| **Содржина на денот** | Развигорчето ја разбудува природата |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Александра Стојановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема хигиенски навики, често миење на раце, користење средства за дезинфекција, и повторување  на веќе стекнатите знаења за здравјето и безбедноста. |
| **Активности** | Со детето започнете разговор за годишното време пролет. Можете да направите куса прошетка во природа, и насочувајте го детето да набљудува и воочува какви промени се случуваат во природата. Како вовед во обработка на расказот „Развигорчето ја разбудува природата“, со детето потсетете се кои се предвесници на пролетта (кокичето, развигорчето итн). На лист од блок нацртајте илустрации со делови од содржината на расказот, а потоа прочитајте го расказот. Читајте го дел по дел, притоа на детето покажувајте му ги сликите во серија по редоследот од текстот. Со детето анализирајте ја неговата содржина, ликовите, доколку има непознати зборови, објаснете му ги, и поттикнете го да раскажува со куси, целосни реченици, редоследно.<br>Внимавајте на јасната дикција при раскажувањето и на правилниот изговор.<br>Насочувајте го детето да користи придавки во описите (на пр. студена зима, нежен глас итн)..<br>Активноста продолжете ја со цртање на делот кој на детето му оставил најголем впечаток, со ликовен материјал по избор на детето: дрвени бои, темперни или восочни бои.<br>Потоа, можете да ја слушате песната „Дувна ветре развигорче“.<br>Користена литература : Расказ „Развигорчето ја разбудува природата“, од книгата „Говорот во слики, зборови и игра“- автор Олга Синадиновска. |